Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**




# ALFA MITO

"Alfa Romeo" напаѓа и во класата на мали градски автомобили со новиот MITO, кој долго време се држеше во тајност. Италијанскиот производител кој го поседува "Fiat", по промоцијата на MITO, очекува бум во продажбата на мали градски автомобили. Името е комбинација од градовите во кои се сместени фабриките - Милано и Торино. MITO ја дели платформата со Opel Corsa и Fiat Grande Punto, кои имаат многу солидни возни карактеристики. За овој модел од Alfa најавуваат од 1.4 до 2.0 литарски бензински мотори, дополнети од турбо полнач, кој ќе произведува меѓу 180 и 280 кс, во зависност од опременоста на моделот. Се очекува и добро познатиот 1.4 TJet дизел мотор во турбо варијанта, кој нема толку спортски перформанси, но неговата потрошувачка е негова најголема придобивка. Првите модели на пазарот се очекуваат кон крајот на 2008 и почетокот на 2009 година.



# WEBASTO LIGHT



"Webasto" е производител на денес многу популарните сончеви кровови на возилата. На Саемот во Женева тие ќе се претстават со свој модел, кабриолет со две места за седење и мек покрив над главата. Дизајнот е инспириран од легендарниот Fiat 124 Spyder и е спој на класичното со модерното. Но, за разлика од старите кабриолети со меки кровови, кои кога ќе се собереа едноставно висеа позади автомобилот, кај Webasto Light концептот, при собирање покривот ги следи контурите на автомобилот, при што не се нарушува елеганцијата. Не е познато каков погон ќе се користи за овој концепт, но многу е сигурно дека нема да се произведува сериски и дека е само за покажување пред публиката на Саемот во Женева.




ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

**ДЕНТА НОВА**

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "